

**МАЈА ЦАРТОВСКА - ХИЛ** Ме привлекува тоа што ме опкружува, ги сакам градовите и сакам да го насликам градот во којшто живеам

# Откривање на градот

ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*
ФОТО: **НИКОЛА ЈАКИМОВ**

Ликовната уметница Маја Цартовска - Хил веќе шест години живее и работи во Саутхемптон, Англија. Летниот период го искористи да присуствува на ликовните колонии во Македонија, но се претстави и со самостојна изложба во Културно-информативниот центар во Скопје. Делата од изложбата се изработени во период од 2001 до 2008 година. „На изложбата има слики од Скопје, Саутхемптон и од Салзбери. Повторно почна да ме интересира урбаноста на градовите“, вели Цартовска. Практично, нејзиното заминување во Англија беше поврзано со постдипломските студии. Претходно дипломираше на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1999 година, на Отсекот сликарство, во класата на професор Симон Шемов. Во тој период постави две самостојни изложби во Скопје, во КИЦ и во Музејот на град Скопје, потоа една изложба во Штип и една во Охрид. Во Англија магистрираше на компјутерска анимација и веб-дизајн.

■ **АГОЛ** Карактеристично за нејзиното сликарство е што успева да пронајде интересен агол од градот во којшто живее како мотив за сопственото ликовно дело. „Ме привлекува тоа што ме опкружува, ги сакам градовите, сакам да живеам во град и сакам да го сликам градот во којшто живеам. Порано тоа беше Скопје, сега тоа е Саутхемптон, а така ќе продолжам и во иднина. Ми се чини дека градовите подобро ги запознавам додека ги сликам, се откриваат многу работи. Веројатно повеќе сакам да ги гледам градовите додека го барам тоа што сакам да го насликам, па на тој начин ги запознавам и ги откривам повеќе. Разликата меѓу Скопје и градовите во Англија е голема. Градовите таму сè уште не ги познавам толку добро како што го знам Скопје. Урбаните слики, постарите од Скопје и поновите од Саутхемптон, се поставени за да се направи споредба, а и самата сакав да видам како се развива моето сликарство, а за мене беше корисно да ја видам изложбата отстрана за да направам споредба со тоа што поминало и тоа што го работам сега“, вели Цартовска.

Сега предава на еден од двата универзитета во Саутхемптон. Градот е големо пристаниште кое отсекогаш било отворена поморска порта кон и од Англија. Во него има два универзитета, на кои во текот на студиската година студираат околу 20 илјади студенти. Се подготвува и за својата втора самостојна изложба таму. Во меѓувреме учествувала на групна изложба во Нациналната галерија во Лондон. Проектот бил со наслов „Транзиција“, а основната тема на изложбата била подготвување анимација според слика која е во сопственост на Националната галерија. Маја Цартовска - Хил направила анимација на слика од Рембрант.

**МОТИВ** Ликовен пејзаж од Скопје



## Домашно кино

ПИШУВА: **ИГОР АНЃЕЛКОВ**

### Европа

**(ДАН/ГЕР/ШВЕ/ФРА)**
**EUROPA** (112 мин.)

**режија: Ларс фон Трир**
**улоги: Жан-Марк Бар, Барбара Сукова, Удо Кир**

Додека култниот догма-режисер Ларс фон Трир моментно го снима своето ново чедо со наслов „Антихрист“, топла препорака да се потсетите на неговиот мастерпис „Зентропа“, како што гласи дистрибутерскиот наслов за гледачите во САД. Во актуелните политички премрежија на Стариот континент, овој филм вешто нè навраќа во деновите по завршувањето на Втората светска војна, потсетувајќи нè на времето кога антихристот навистина беше тука, на Земјата. Антологиска сцена: десетминутната смрт на главниот лик Леополд по железничката несреќа, со нарација на Макс фон Сидов.



★★★★

### Кафка

**(ФРА/САД)**
**KAFKA** (105 мин.)

**режија: Стивен Содерберг**
**улоги: Џереми Ајронс, Тереза Расел, Јан Холм**

Во годината кога се слават неколку јубилеи поврзани со името на легендарниот писател Франц Кафка, препорака да го погледнете прекрасниот филм на Стивен Содерберг, кој направил одлична комбинација од животната судбина на генијот и неговите романи/раскази, која, доколку го обожавате овој автор, сигурно неизмерно ќе ви се допадне. Освен тоа, актерот Џереми Ајронс е како создаден да го игра отуѓениот Евреин во Прага, чии демони постојано го тераат да запишува прекрасни книжевни вињети, кои и ден-денес се инспиративни. И сето тоа во црно-бело, доловувајќи го духот на времето.



★★★☆

★☆☆☆ катастрофа ★★☆☆ просечно
★★★☆ добро ★★★★ одлично

### ТЕАТАР

„Ревизор“ од Гогољ, во режија на Владимир Милчин, во МНТ. Првично објавен во 1836 година, текстот сè уште е актуелен и ги исмејува негативните, од памтивек присутни човечки особини: наивноста, глупоста, алчноста, корупцијата, лицемерството и лагите.



### ЦД



Нина Сајмон е вистински бисер во музичкото море. Таа ќе ве насмее, расплаче, разгневи, наежи, уплаши, ќе ги раздрма темелите на вашата душа и нема да успеете да се смирите и откако ќе престанете да ја слушате, бидејќи нејзиниот глас е чиста емоција.

### ИНТЕРНЕТ

Во секојдневниот хаос, проблеми и грижи, често забораваме да се насмееме. Хуморот претставен преку цртежи на Интернет-сајтот www.cartoonstock.com со сигурност квалитетно ќе ве расположи.

